# Australian Macedonian TODAY

33 YEARS

Австралиско Македонски ДЕНЕС

YEAR XXXIV No 1978 13 SEPTEMBER 2024 FREE




## ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА НЕЗАВИСНОСТА ВО МЕЛБУРН



## МАКЕДОНИЈА ПОБЕДИ - СО ИГРАЧ ПОМАЛКУ ПРОТИВ ЕРМЕНИЈА ЗА ПРВО МЕСТО ВО ГРУПАТА



# ВМРО-ДПМНЕ: НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО СО СДСМ, АМА ИСЧИСТЕН ОД КРИМИНАЛ И РЕФОРМИРАН




FREE DIGITAL EDITION

SCAN the QR CODE

SIGN UP NOW!

РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ЗА ДА ГО ДОБИВАТЕ БЕСПЛАТНО ДИГИТАЛНОТО ИЗДАНИЕ НА www.australianmacedonian.com.au/subscribe

# Македонија пак остана само со еден функционален „ер-трактор“



Само еден од трите „ер-трактори“ што ги поседува Дирекцијата за заштита и спасување (ДЗС) е функционален и може да се користи за гаснење на пожарите низ државата. Биле повикани механичари од Шпанија и ги поправиле другите два авиони, но веќе следниот ден се појавил истиот проблем.

Според Стојанче Ангелов, директорот на Центарот за управување со кризи (ЦУК) во моментов и тој еден „ер-трактор“ е доволен и нема потреба од дополнителни летала за гаснење на пожарите.

Дождот што паѓаше неколку дена ги изгасна сите шумски пожари. Изминатите месеци во државата секојдневно имаше по 30 пожари на отворено. Во одредени денови, особено во месец јули, поради неможноста државата сама да се справи со гаснењето на пожарите, во Македонија пристигнуваше помош од соседните, но и од одредени европски земји. Во гаснењето на пожарите учествуваа разни типови хеликоптери, „ер-трактори“ и „канадери“ од Србија, Чешка, Германија, Романија, Хрватска, Кипар…

## Во дефект се и два полициски хеликоптери

Од СДСМ се јавија да кажат дека „владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ е неспособна и не води грижа зашто освен двата ‘ер-трактори’ во дефект се уште два полициски хеликоптери опремени за гаснење на пожари. Повторно ли е СДСМ крив што не ги сервисирале ‘ер-тракторите’ и хеликоптерите на време? Изгореа преку 8% од територијата на државата а ВМРО-ДПМНЕ се фокусира на лаги, манипулации и политикантство наместо сериозно да се бори со кризата и да работи“ - соопштија од опозициската партија.

AUSTRALIAN MACEDONIAN TODAY
Published by:
AEA ETHNIC PUBLISHERS P/L
Postal: PO Box 544
Thomastown,
Victoria 3074 Australia

Phone: 0403 152 671
Email: amwtoday@icloud.com

# Македонија треба да ја укине употребата на јагленот до 2050 година



Македонија се подготвува најдоцна до 2050 година да ја укине употребата на јаглен за своите енергетски потреби и да ги запази роковите на ЕУ за транзиција кон обновливи извори на енергија, изјави првиот потпретседател на владата и министер за животна средина и просторно планирање Изет Мецети на настан во рамките на Конференцијата за енергетската безбедност во Централна и Источна Европа организирана од Атлантскиот совет во Вашингтон.

- Работиме со нашите соседи Грција и Србија за да се потпреме на еден алтернативен независен извор на енергија како гасот, рече Мецети.









## МИЦКОСКИ:

# Немаме друга алтернатива освен патот кон ЕУ, но не сум спремен за отстапки по секоја цена

Премиерот Христијан Мицкоски во својот говор на централната прослава на 8 Септември - Денот на независноста на Македонија повика на исполнување на 10 принципи околу, како што кажа, треба да се создаде заедништво и сплотеност на сите фактори во општеството, а не само на власта „или неколку партии во опозицијата", за да се справиме со предизвиците и да чекориме на патот кон просперитет

Тој упати и порака до опозицијата, за која рече дека тоне во тотална безидејност и целосна неконструктивност и ја повика да престане со деструктивните игри кои ја ставаат државата во опасност.

- Во изминатите 33 години се соочивме и со многу предавства од страна на неодговорни политички лидери кои ги продаваа нашите национални интереси. Денес сме тука да се увериме дека тоа никогаш повеќе нема да се повтори. Имаме свои национални интереси и тие интереси ќе бидат заштитени по секоја цена. Нема да бидеме монета за поткусурување на никој. Ние ќе се бориме за нашите интереси и за нашето достоинство и ве уверувам дека ќе успееме!

## ВМРО-ДПМНЕ:

# Национално единство со СДСМ, ама исчистен од криминал и реформиран

ВМРО-ДПМНЕ преку соопштение му порача на СДСМ прво да се исчисти од сопствените криминали и да се реформира, па потоа да прифати единство за најважните прашања за државата.

Од владејачката партија му порачуваат на СДСМ дека со лицемерна и дволична политика, со истите и стари и потрошени кадри не се гради единство.



*Е, вакви ве сакаме - чистични, миризливи и умни*



## СТУДЕНА ЗИМА ВЛИЈАЕШЕ НА РАСТОТ НА ПОСЕВИТЕ:

# Фармерите предупредуваат месото ќе има послаб квалитет

Очајните сточари се принудени да го хранат својот добиток со послаб квалитет на сено и слама, а купувачите се предупредуваат да се подготват за месо со послаб квалитет како последица на оваа ситуацијата. Сувите и студени услови во делови од земјата влијаеше на достапноста на количините на пасишта, што пак доведе до поголема побарувачка и цени за сеното, сламата и друга сточна храна.

Претседателот на Националната асоцијација на сточари, **Дејвид Јочинке**, предупреди ова би можело некои сточар да ги доведе до тоа да ги продаваат овци и говеда *„пред целосно завршување на производниот циклус."* Го нагласил и големиот раст на трошоците, откривајќи дека во март го продавал јачменот за само $229 за тон, но цената на почетокот на август порасна на $340 за тон. Цената на сеното исто така вртоглаво пораснала, од $220 за тон на почетокот на годината во споредба со $300 за тон до јуни. Исто така слушнал и дека другите земјоделци ги продаваат своите родови по уште повисоки цени. **Јочинке** обично купува овци и ги храни во текот на летото, но намалените пасишта и зголемените цени на добиточната храна го принудија да направи пауза.

И покрај студот во *Викторија* и *Јужна Австралија*, неразумно високите температури ги опустошија другите делови на земјата во текот на август, Бирото за метеорологија потврди оваа зима биле срушени бројни температурни рекорди.

Директорот на Институтот за земјоделство и одгледување растенија на Универзитетот во *Сиднеј*, проф. **Гај Рот** наведува дека би можело да биде лошо за земјоделските културии доколку високите температури продолжат подолг период.

Професорот **Рот** рекол дека би *„можело да биде сосема поинаква приказна"* доколку до крајот на септември биде премногу топло за овој дел од годината, а *„тоа е премногу далеку за било какви предвидувања"*.

Земјоделците во другите делови на земјата, вклучувајќи го и северниот *Нов Јужен Велс*, уживаат во подобри услови за раст на посеви благодарение на *„одличната дождовна сезона"*. Професорот **Рот** изјави житните култури можат да дадат до пет или шест тони по хектар во северниот *Нов Јужен Велс* оваа година во споредба со просечните три и пол тони по хектар.

Професорот **Рот** изјавил *Нов Јужен Велс* е „голема држава", така што сите имоти нема да ги имаат истите резултати. Единственото нешто што е сигурно за земјоделството е дека „ништо не е едноставно", што **Јочинке** го нарекува „чин на балансирање".

Меѓутоа, **Јочинке** рекол поддршката на клиентите може да има огромно влијание врз земјоделците и апелира граѓаните да купуваат австралиски производи колку што е можно повеќе.

*„Општо земено, имаме добар избор и безбеден и сигурен прехрамбен ланец, и тоа е само затоа што земјоделците успеваат да преживеат тешки времиња и тие се потсетник ако купувачите купуваат храна одгледана во Австралија, со тоа им даваат голема поддршка на нашите земјоделци"* - изјавил тој.

*„Затоа, ако можете и имате можност, купете секогаш австралиски производи"*.



Др. Сузана Котевска
СПЕЦИЈАЛИСТ ГИНЕКОЛОГ - АКУШЕР
ВИ ГИ НУДИ СЛЕДНИТЕ УСЛУГИ И СОВЕТИ
- Водење на бременост, прегледи и породување
- Гинеколошки операции
- Гинеколошки прегледи и совети за болни менструации
- Лекување на стерилитет
- Пап тест
- Климактерични тегоби
- Совети за контрацепција
- Проблеми со бешиката
ЗАДОЛЖИТЕЛЕН Е УПАТ ОД ВАШИОТ ФАМИЛИЈАРЕН ДОКТОР
Level 1, 117 / 320 Victoria Parade East Melbourne, 3002
Inside Epworth Freemasons Medical Centre
Tel: 9419 8333 Fax: 9415 9998
email: stelaobs@bigpond.com



### ПОРАНЕШНИОТ ПРЕМИЕР ДОМИНИК ПЕРОТЕ, ЗА НАМЕТНАТАТА ВАКЦИНА ПРОТИВ КОВИД, ПРИЗНА:

# Згрешивме што ги присилувавме луѓето да примат експериментално средство

Поранешниот лидер за време на пандемијата и вакцинацијата од ковид направи голем пресврт и призна пред јавноста дека владата „згрешила" што ги присилувала граѓаните да ги примаат експерименталните *mRNA* вакцини против ковид.

**Доминик Пероте** е поранешен премиер на Нов Јужен Велс, а неговата изјава влегла во записник и признал дека задолжителните вакцини, кои помогнал да се спроведат за време на пандемијата, биле погрешни. Ваквите задолжителни обврски за вакцините беа наметнати на јавноста преку државните рестрикции и корпоративните медиуми. *Australia Broadcasting Corporation (Еј-Би-Си),* националниот медиум финансиран од *Комонвелтот*, бил соучесник во напорите на владата да ја „вакцинираат" пошироката јавност. **Пероте** ова го признал за време на својот говор пред да замине во пензија минатиов месец. Политичарот за време на говорот се осврнал на една контроверзна тема. **Пероте** ја напушти политиката по поразот и работи во приватен сектор во *Америка*. Станувајќи премиер на крајот на 2021 година, **Пероте** ја замени **Гледис Береџиклијан** по нејзината оставка поради истрагата за корупција. Кога го презеде кормилото, **Пероте** го надгледувал преминувањето на државата од вонредните ограничувања. Мерките и контролите воведени за време на пандемијата во *Австралија* изгледаа построги и поостри отколку во повеќето други западни земји. Како пренесува *Еј-Би-Си*, **Пероте** тврдел владите ширум светот, всушност, биле мотивирани со добри намери. Меѓутоа, тие намери биле погрешни при форсирање на вакцините. *„Ако влијанието на вакцините на пренесување во најдобар случај бил ограничен, како што сега најчесто е прифатено, законот требал да остави повеќе простор за почитување на слободата"* - рекол **Пероте**. *„Вакцините спасија животи, но на крај, нивното наметнување беше погрешно. Личниот избор на луѓето не требаше да ги чини нивното работно место."* **Пероте** рекол влијанието на вакцините врз ширењето на ковид-19 *„во најдобар случај било ограничено"*. *„Кога станав премиер, го укинавме задолжителното вакцинирање или она кое всушност можевме да го сопреме, но ова требаше да се случи побрзо"* - рекол тој во законодавното собрание на почетокот на август.

*„Ако повторно се појави пандемија, мораме да постигнеме подобра рамнотежа охрабрувајќи ги луѓето да преземат акција додека во исто време ја штитиме фундаменталната слобода на луѓето".*

Сега сите чекаме да дознаеме повеќе за глупостите што ги правеше **Даниел Ендрус**, поранешниот премиер на *Викторија* кој направи вистински рекорд со заклучувањата на *Мелбурн* и се прави недоветен дека никого не присилувал да се вакцинира.

INJURED? ПОВРЕДЕНИ?

- ✓ TAC
- ✓ WorkCover
- ✓ Slips & Falls
- ✓ Superannuation TPD
- ✓ All Injury Claims
- ✓ Free First Appointment
- ✓ Speak Macedonian
- ✓ Over 25 years experience in Personal Injury Claims

- ✓ Сообраќајни повреди
- ✓ Повреди на работа
- ✓ Суперануација и траен инвалидитет
- ✓ Сите видови на повреди
- ✓ Првата средба е бесплатна
- ✓ Зборуваме Македонски
- ✓ Повеќе од 30 години искуство во областа за отштета од повреди

NO CLAIM NO FEE



JOHN DELLIOS & ASSOCIATES

183 High Street Thomastown Tel. (03) 9464 4000 LAWYERS

# Назначен нов состав на Комисијата за историски прашања со Бугарија




Ванчо Ѓорѓиев е избран за нов претседател на Комисијата за историски прашања, на местото на досегашниот Драги Ѓоргиев, кој повеќе не е дел од ова тело.

Ѓорѓиев, кој е професор на Факултетот за историја, и порано беше член на комисијата, но ја напушти во 2021 тврдејќи дека имал политички притисоци од лица во македонското МНР.

Во новиот состав на комисијата е и историчарот Александар Литовски, кој беше член на историската комисија во периодот 2018 до 2020. Вработен е во Институтот за национална историја и ја истражува новата историја.

Други членови на комисијата се: Митко Панов, историчар од Институтот за национална историја; Никола Минов, професор по историја на Филизофскиот факултет; Сашо Додевски, насловен доцент од Институтот за историја на Филозофскиот факултет; Бесник Емини, историчар од Институтот за духовно и културно наследство на Албанците во Скопје; и Димитар Љоровски, историчар, вработен во Институтот за национална историја.

Reg. No. A0042461G
AHAM BRIDGE OF HUMANITY
ABN 93 019 262 123

АХАМ ГАРАНТИРА ДЕКА ВАШИТЕ ИСПРАТЕНИ БОКСИ ЌЕ ИМ БИДАТ ЛИЧНО ПРЕДАДЕНИ НА ПРИМАЧИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО РОК ОД ТРИ МЕСЕЦИ ОТКАКО КОНТЕЈНЕРОТ ЌЕ ЗАМИНЕ ОД АВСТРАЛИЈА

Места каде се издаваат и примаат кутиите

ВИКТОРИЈА
Илија Јошевски Мечето 93673091, моб: 0418 396 256
Дијана Мицалевска Пупалевска 0414 743 117
ЦИЛОНГ: Коста 0401 550 841
АЛТОНА: Јован 9314 8585 ,0434 088 440
АРДИА: Милорад и Сенди 9363 3635
БАНДУРА: Филимена 9467 8027
БОКС ХИЛ-РИНГВУД: Гоце 0431 518 568
ДАНДЕНОНГ: Борката 9795 6305, 0411 767 613
КИЛО-СЕНТ АЛБАНС:
Ило Мечето 9367 3091, 0418 396 256
ЕСЕНДОН – АВОНДАИЛ ХАЈТС:
Целе Веljановски 9337 3931
ЛАЈЛОР ЕПИНГ:
Кинг Фреш Бурек 9401 4777,
Стојна и Панде 0481 184 038
МЕЛТОН:
Драги 0419 325 848
ПРЕСТОН – НОРТКОТ:
Валентина 0451 820 045
ПРЕСТОН: Аница 0409 416 273, Валентина 0451 820 045
Милка и Љупчо, Авио Травел 9471 4556, 9471 4559
РЕЗЕРВО: Ило 9460 7802, 0432 654 251

СЕНТ АЛБАНС:
Кинг Фреш Бурек -9364 3752, 0414 544 563
ЈАРАВИЛ: Трена 9687 4663
НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС
СИДНЕЈ: Љупчо 0415 801 989
АРНКЛИФ: Горан 0414 597 595
БЕНКСТАУН – ЈАГУНА: Сашо 9707 1430, 0416 934 638, Цексон - 9793 0366, 0407 175 727
КАНЛЕЈ ВАЛИ: Илија 9754 2287
РОКДАЕЛ: ВМ Центури Травел 9587 5493
КАНБЕРА – КВИНБИЈАН: Душица 0404 149 965
ВОЛОНГОНГ – ПОРТ КЕМБЛА: Васко 0450 484 418
ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА
АДЕЛАИД: Драго 08 8345 1381
ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА
ПЕРТ: Славе 08 9300 8342, 0419 997 719, Ислам 9440 4038, 0433 214 874
КВИНСЛЕНД
БРИЗБЕН: Весна 0433 218 018, Невенка 0402 847 225

Добиената сметко-потврда е Tax Deductable, а ако ја пријавувате на вашата годишна такса



**ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР:**

## Грозје на подарок за сите посетители

Над 500 учесници во 31 карневалска поставка продефилираа низ улиците на Кавадарци, за време на традиционалниот карневал за „Тиквешкиот гроздобер". Кралот и кралицата на карневалот, заедно со градоначалникот Митко Јанчев и дел од гостите, симболично го откинаа првиот грозд, означувајќи го почетокот на годинашниот гроздобер.

Во деновите за „Тиквешкиот гроздобер" (минатиот викенд) на пунктовите поставени на трите влеза во градот, сите гости освен упатства и насоки за паркирање, во знак на добредојде добија и по едно пакетче со трпезно бело и црно грозје, донација од „Кав Комерц" - Кавадарци.

И во годините наназад гостите на „Тиквешки гроздобер" добиваа грозје на подарок.

### ПРЕД ИЗБОРИ РЕШИТЕЛНО, АМА СЕГА КАЛКУЛАЦИИ:

# Балансерот останува на сила, ќе се расправа дали да се укине!?



Горан Минчев, министерот за јавна администрација во интервју за „Радио слободна Европа" вели дека балансерот ќе остане на сила но тоа не значело дека нема да има расправа за негово укинување. Ова е сосема спротивно од предизборните ветувања. Тој притоа посочува на злоупотреба каде Македонци се пишувале како Албанци и обратно се со цел вработување во јавната администрација.

- Јас и досега кажав дека во минатото Балансерот бил предмет на злоупотеба, односно имаме случаи каде што Македонци се пишувале Албанци, Албанци се пишувале Македонци, припадници на други етнички заедници, што значи Балансерот практично веќе ја губи својата намена за што е создаден. Се додека нема друго законско решение на сила останува примената на Балансерот, изјави Минчев.

Според него има институции со 15 вработени, а имаат управни одбори од седум члени кои земаат околу 2.000 до 2.500 евра месечно, иако имаат седница еднаш во годината.

- Има државни институции каде што бројот на вработени е преголем, но само 30 до 40 проценти вистински ги исполнуваат своите работни задачи. Тоа е пред се резултат на досегашното партиско вработување во изминатите 30 години, рече министерот Минчев.

Во месец јуни Минчев, но и министерот за дигитална трансформација Андоновски, решително најавија укинување на Балансерот. Ова секако предизвика реакции, пред се во албанскиот политички блок, како од опозициската Европски фронт, така и од владиниот партнер „Вреди". Сепак, ако на почетокот од „Вреди" велеа дека Балансерот нема да биде укинат, последните реакции беа дека се договориле, тој да биде заменет со Закон за еднаква и соодветна застапеност.

- Ние се договоривме - прво треба да го донесеме Законот за еднаква и соодветна застапеност и после тоа ќе се укине Балансерот. Сите луѓе кои одат на работа, никој нема да биде отпуштен, ви гарантирам. А тие кои не одат на работа - да. Ќе има систематизирање на вработените во институциите таму каде има потреба, изјави Арбен Таравари, министер за здравство и еден од лидерите на „Вреди".

Според Рамковниот договор потпишан во Охрид во 2001 година една од главните промени беше вработувањето по етнички клуч во јавната администрација.




# Жителите на гостиварско Галате решени да ја обноват црквата уништена во 2001, општината со полиција ги спречува



Мештаните од гостиварското село Галате не отстапуваат од намерата да ја обноват црквата (параклис) „Света Петка", опожарена и со големи оштетувања во конфликтната 2001. Велат дека се наоѓа на државно земјиште со право на користење и имаат дозвола од корисникот, како и донатор кој ќе ги покрие градежните работи.

Но градежната инспекција на Општина Врапчиште им постави црвено-бели ленти околу објектот. Обидот да се отстранат ограничувачките ленти и да се почне со работа беше спречен со испраќање десетина полицајци. Тие побараа да се тргне донесениот багер а присутните да се разотидат, затоа што добиле пријава од Општина Врапчиште.

Револтираните жители на Галате ги скинаа лентите на градежната инспекција и појдоа пред зградата на Општината, барајќи средба со градоначалникот Исен Шабани. Сметаат дека се работи за провокација од страна на градоначалникот, зашто за слични градби на исламски објекти досега немало никакви забрани и инспекции.

Таму се случи да бидат уапсени две лица (донаторот Душко Павловски и уште еден) а МВР вака објаснува:

„...Д.П. со група од околу 10 луѓе влегува во објектот на општината, со цел да бидат примени од страна на градоначалникот Исен Шабани. По извесно време градоначалникот се согласил да ги прими, но со услов разговорот да не се снима со приватни телефони. Групата граѓани одбиле да го направат тоа и градоначалникот побарал да го напуштат објектот. Откако не го напуштиле, градоначалникот побарал од полициските службеници да го испразнат објектот, по што на групата граѓани им е дадена наредба да го напуштат објектот на општината, нешто кое Д.П. и уште едно лице одбиле да го направат и пружиле активен отпор на полициските службеници. Двете лица се приведени во просториите на ПС Гостивар и по извршен службен разговор со нив и направена консултација со јавен обвинител, истите се пуштени да си одат."

Градоначалникот Шабани потврди дека е поднесена пријава за узурпација на државно земјиште. А дали општината ќе дозволи обнова на „Света Петка" во село Галате не сака да одговори, вели дека ќе го чекал извештајот на Обвинителството.

Во Општина Врапчиште живеат нешто помалку од 900 етнички Македонци, додека мнозинството се етнички Албанци. Црквичката/параклис е изградена во 1990-те години, а ја запалиле припадниците на УЧК во 2001.

Жељко Стојаковиќ
Barristers & Solicitors

РАЗУМНИ ЦЕНИ ЗА НАШИТЕ УСЛУГИ
- Challenging Wills
- Family Law
- Criminal Law
- Wills & Probate
- All Courts & Tribunals
- Оспоруваме тестамент
- Семејно право
- Кривично право
- Тестаменти и Оставнина
- Сите судови и трибунали
Suite 5, Floor 1, 332A Main Rd East, St Albans
Tel: (03) 9310 9971

## МПЦ „СВЕТИ ГЕОРГИЈ И ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА" ВО ЕПИНГ:

# Чудотворната икона од Курск во Мелбурн





Минатиов четврток во катедралниот храм *„Свети Георгиј и Пресвета Богородица"* во *Епинг* пристигна чудотворната икона на *Мајката Божја* позната под името *„Курско-коренската" икона на Мајката Божја "Знамение"*, која беше пречекана од македонските свештеници и верниците, како и од Помесните православни цркви. Пред иконата беше отслужен Молебен и акатист.

Курско-Коренската икона *"Знамение"* на *Мајката Божја* е една од најстарите икони на *Руската Православна Црква*. Во XIII век, за време на инвазијата од татарите и најголемата катастрофа што ја доживеа градот *Курск*.

На 8ми Септември 1295 година, на денот на *Рождество на Пресвета Богородица*, поминувала мала група на ловци во близина на реката Тускора, 45 километри од *Курск*. Еден од ловците, во потрага по плен во шумата, пронашол мала икона, која лежела во коренот од дрвото со лицето надолу.

Кога тој се наведнал кон иконата за да го види нејзиниот лик, од местото каде што лежела, почна да извира голем извор со чиста вода. На местото каде што се појавила иконата и каде што протече изворот со вода изграден е параклис.

Оваа чудотворна икона на *Мајката Божја Курско-Коренска "Знамение"* ја поседува Синодот на *Руската Задгранична Црква* и патува постојано низ целиот свет на поклонение. Со неа има постојан свештеник кој уште и е наречен хранител (чувар) на иконата. Постојано ја носат во куќи на болни, во болници, каде што пред оваа икона читаат молебни за оздравување.

Уште и е наречена семејна икона. Таа никогаш не е сама. Постојано има некој со неа.





# Вооружен грабеж во струмичко Ново Село – повредени двајца сопружници



Разбојник од охридското село *Долно Лакочереј* на 10 септември околу два часот по полноќ со пиштол влетал во продавница во струмичко *Ново Село* со намера да изврши грабеж. 45-годишникот со иницијали **Д.С.** отворил оган од пиштолот при што биле ранети двајца сопружници **М.М.** (46) и **Б.М.** (48).

Според информацијата од полицијата, разбојникот бил фатен на местото на настанот и бил задржан во Полициската станица во *Струмица*.

*– Повредените биле пренесени во Медицински центар Струмица. Известен е јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Струмица. Увид на местото на настанот извршила екипа на СВР Струмица, при што биле пронајден пиштолот и чаури*, стои во информацијата од *СВР Струмица*.

Според информациите од Струмичката болница, жената со прострелна рана во стомакот е пренесена на лекување во Клиничкиот центар во *Скопје*, а мажот со прострелна рана во ногата е задржан во Струмичката болница.

Напаѓачот е уапсен откако застреланиот маж успеал да го совлада и задржи до доаѓањето на полицијата.

По целосно документирање на случајот против разбојникот ќе биде поднесена пријава. Според информациите, станува збор за лице со криминално досие.

# Македонката Соврановски исчезна во Германија



Македонката **Наташа Соврановски** исчезна во Германија. 25-годишната девојка последен пат била видена на 2 септември во 20:15 часот во *Бад Тејнах – Завелштајн*, во близина на *Штутгард*.

Од тогаш и се губи секаква трага.

Нејзиното семејство преку фејсбук-групата *Македонци во Германија* бара било какви информации за **Наташа** кои би можеле да помогнат.

**Наташа** е висока околу 180 сантиметри, со темно-кафеава боја на косата, и кафеава боја на очите. Има тетоважа на подлактицата.

# "Успение на Пресвета Богородица" - Сиденхам



Свештеникот, протерей ставрофор **Ефтим Бетински** ќе биде достапен во црквата *"Успение на Пресвета Богородица"* секој ден од понеделник до петок, од 10:00 до 15:00 часот, Моб: **0499 007 574** или email: *betinski_e@yahoo.com*

Неделната богослужба е од 9:00 часот.

*Macedonian Australian Orthodox Church "Uspenie na Presveta Bogorodica - St. Mary'' Western Region inc.- 340 Sydenham Road Sydenham Vic 3037*



# Одбележан денот на независноста во Мелбурн





По повод *8 Септември - Денот на независноста на Република Македонија* во недела се одржа пикник во *Лајло*. Организатор на овој настан беше *Австралиско-македонскиот играорен ансамбл "Тоше"*, во паркот што се наоѓа на *158 Barry Road*. Сите присутни беа топло поздравени од претседателот на друштвото **Злате Котевски**.

Забавниот дел беше исполнет со настапот на играорците од *КУД "Тоше"* со традиционални инструменти, тука беше и изведбата на **Кајли К.**, нашите музички ѕвезди **Татјана** и **Новица**, групата *"Фонтана"* со **Томче Кантаровски**.

За оние што дојдоа на ветровитиот ден имаше и разновидна традиционална македонска храна итн.





# Фондацијата „Капинков“ од Перт донираше училишен прибор за 18 те првачиња во Дебрца



Пред почетокот на новата учебна 2024/2025 година се приреди свечен прием за 18 те првачиња од *ООУ "Дебрца".*

Градоначалникот **Зоран Ногачески** пособувајќи им топло добредојде во светот на знаењата, на првачињата им додели училишен прибор, кој традиционално го донира фондацијата *„Капинков"* на **Драган Капинков**, бизнисмен од *Перт, Австралија*, родум од битолското село *Цапари*.

Пред првачињата и родителите уште еднаш ја потенцира заложбата дека како локална самоуправа, постојано ќе вложуваме во училишната инфраструктура, во наставниот кадар и мотивирани ученици, се со цел учениците во општина *Дебрца* да бидат меѓу најдобрите.

Оваа година општина *Дебрца* на сите првачиња ќе им додели еднократна парична помош од по 5.000 денари.

И во оваа прилика изрази благодарност до фондацијата *„Капинков"* на **Драган Капинков** и до почесниот конзул на *Република Македонија* во *Перт*, г-дин **Зоран Ќосески**, по чија иницијатива фондацијата од 2013 година непрекинато пред почетокот на секоја учебна година доделува училишен прибор за првачињата од општина *Дебрца*.


ДИГИТАЛНО ИЗДАНИЕ НА TODAY - ДЕНЕС
БЕСПЛАТНО СЕКОЈ ПЕТОК




БЕЗ ЛИМИТ ПОНУДА

ВО ОВА ВРЕМЕ НА БРЗИ ПРОМЕНИ, БИДЕТЕ ИНФОРМИРАНИ СО ВЕСТИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ЗАЕДНИЦАТА ШТО ВИ СЕ ПОТРЕБНИ.

Пријавувањето е лесно за да добивате дигитален пристап бесплатно... Посетете ја интернет страницата www.australianmacedonian.com.au и пополнете ги вашите детали со име презиме и email адреса на која ќе ви стигнува дигиталното издание

Автоматски можете да го гледате на компјутер, таблет и мобилен телефон, каде било, во кое било време и на кој било уред. Австралискиот Македонски Денес се објавува секој петок, одржувајќи традиција на независно новинарство, откако е основан во 1991 година. Со висок стандард на содржина и презентација привлекува широк спектар на читатели од сите возрасти.

# Во Нов Зеланд крунисана новата кралица на Маорите





Најмалото дете и единствената ќерка на маорскиот крал на *Нов Зеланд* беше прогласена за нова кралица на Маорите. Кралот на *Маорите* **Тухеитија Поотатау Те Вирохеро** почина на 30 август, само неколку дена по прославувањето на 18-годишнината од неговото крунисување. *Те-кау-маа-руа*, совет од 12 претставници, ја прогласи неговата 27-годишна ќерка **Нга Ваи Хоно И Те По** за нов монарх. Таа е осмиот монарх на Маорите и втора жена што ја има оваа титула. Првата жена на таа позиција беше нејзината баба **Те Арикинуи Те Атаирангикаауху** која почина во 2006 година. Улогата на маорскиот монарх не е автоматски наследна, но сите претходни кралеви и кралици биле директни потомци на своите претходници.

Новата кралица беше крунисана на церемонија позната како *Те Вакавахинга*, додека десетици илјади луѓе се собраа на погребот на починатиот крал **Тухеитија**. Неговиот ковчег беше однесен по реката *Ваикато* со флота кануа до неговото последно почивалиште на врвот на светата планина *Таупири*.

Илјадници луѓе се построија по патиштата и реките што водат до планината, изведувајќи хака (церемонијален танц) и вајата (пеење) за да се збогуваат со кралот. Неговата вдовица беше придружувана до планината од страна на одбранбените сили на *Нов Зеланд* и колона од 100 велосипедисти, пред ковчегот на кралот да биде пренесен до врвот со јажиња.

Новозеландскиот премиер **Кристофер Луксон** во изјава рече дека кралот имал големо влијание врз многу животи. *„**Киинги Тухеитија** беше скромен лидер кој му служеше на својот народ со мудрост, авторитет и непоколеблива посветеност на единството". Новата кралица ќе ја носи „мантијата на лидерство што ја остави нејзиниот татко"*, рече **Луксон**. *„Патот пред нас е осветлен со големото наследство на **Киинги Тухеитија**"*.

*Киингитанга (Движење на маорските кралеви)* е основано во 1858 година со цел да ги обедини Маорите под еден суверен. Маорските монарси немаат правна моќ, но играат симболична и културна улога на единство и имаат национално влијание.

ПЕРФЕКТНО МЕСТО ЗА ВАШАТА ПРОСЛАВА

MYSTIQUE
Macedonian Restaurant
Tel: 0493 431 483
0401 974 092
Отворени сме за вечера
Четврток - Сабота,
од 18 часот до доцна.

Кога сте кај нас, може да уживате во голем избор на јадења, пијалок и дезерти од традиционалната македонска кујна.

Без разлика дали станува збор за бизнис настан, спортска презентација, свадба, веридба или роденден, ние сме тука да се погрижиме вашата специјална пригода да е незаборавна.



231 Broadhurst Ave, Reservoir VIC 3073

### ЊУЈОРК ПОСТ:

# Бајден за време на мандатот 40 отсто од времето го поминал на одмор



Американскиот претседател **Џозеф Бајден** поминал 532 дена на одмор, што е околу 40 отсто од 1.326 дена колку што е на функцијата, пишува *Њујорк пост*, повикувајќи се на податоци од *Републиканскиот национален комитет (РНЦ).*

Според извештајот, на просечниот Американец, кој има 11 денови за одмор, би му требале приближно 48 години за да го акумулира тој број на слободни денови.

*„Њујорк Пост"* минатата година на насловната страница објави извештај во кој се вели дека **Бајден** поминал 382 од неговите први 957 дена на функцијата, или 40 отсто, на приватни патувања надвор од Белата куќа.

Во споредба со **Бајден**, поранешниот претседател **Доналд Трамп** поминал 26 отсто од своето претседателствување на лични патувања надвор од *Вашингтон*, или 381 од неговите 1.461 дена на функцијата. Поранешните претседатели **Роналд Реган** и **Барак Обама** биле на одмор само 11 отсто од времето во текот на двата мандати, а **Џими Картер** зел само 79 слободни денови, што изнесувало пет отсто од неговиот мандат. Соработниците на актуелниот претседател постојано тврдеа дека **Бајден**, како и минатите претседатели, работи од далечина и е достапен и на пауза.

*– Не е изненадувачки што истите генијалци кои го нападаат претседателот **Бајден** затоа што ги галеше кучињата херои и сака сладолед не можат да пресметаат, но тој зема помалку денови за одмор од модерниот просек на претседателите и напорно работи секој ден, каде и да е,* рече еден од портпаролите на Белата куќа, **Ендрју Бејтс**.

### ТРАМП БАРА ИЗМЕНА НА 25. АМАНДМАН НА УСТАВОТ ЗА ДА ЈА СМЕНИ КАМАЛ ХАРИС:

# Ова е основ за оставка



Поранешниот американски претседател и републикански кандидат на претстојните претседателски избори, **Доналд Трамп**, повика на 25-от амандман на Уставот за да се дозволи смена на потпретседателката на *САД* **Камала Харис**, која *„лаже или учествува во заговор за прикривање на неспособноста на претседателот"* на *САД*, **Џозеф Бајден**.

„Ако го направите тоа, *прикривајќи го претседателот на САД, тоа е основа за итен импичмент и смена од функцијата, бидејќи тие го направија тоа*", рече **Трамп**.

По лошиот настап на **Бајден** во предизборната дебата во јуни и неговата одлука да ја заврши претседателската кампања еден месец подоцна, **Трамп** и неговите републикански сојузници ја обвинија потпретседателката **Камала Харис** и високите демократи дека го прикриваат менталниот пад на претседателот.

Тимот на кампањата на **Камала Харис** одби да ја коментира изјавата на Трамп.

**Американскиот** 25-ти амандман на Уставот зборува за претседателското наследување и процесот на смена на претседателот, за што ќе биде потребна поддршка од потпретседателот и мнозинството од кабинетот на претседателот.

*Си-Ен-Ен* наведува дека амандманот не се однесува на принудно смена на потпретседателот.

За ратификација на уставниот амандман потребна е поддршка од три четвртини од американските држави.

## СУПЕРМОДЕЛОТ ЕЛ МАКФЕРСОН ОТКРИ ДЕКА СЕ БОРЕЛА СО РАК НА ДОЈКА 7 ГОДИНИ:

# „ОДБИВ ХЕМОТЕРАПИЈА, МИСЛЕА ДЕКА СУМ ЛУДА“

Австралиската манекенка Ел Макферсон (60) откри дека пред седум години ѝ бил дијагностициран рак на дојка, но одлучила да не оди на хемотерапија и традиционален медицински третман.

Во интервју за „Women's Weekly“, таа изјави дека имала холистички пристап кон лекувањето на болеста, но призна дека тоа не е добро за секого.

„Тоа беше шокантно, неочекувано, збунувачки и страшно на толку многу начини и навистина ми даде можност да копам длабоко во моето внатрешно чувство за да го најдам вистинското решение“, изјави таа во интервјуто.

Ел Макферсон одлучила да ја задржи приказната за болеста во тајност и рече дека ги истражувала опциите за лекување.

По лумпектомија, на Макферсон ѝ бил дијагностициран тип на рак наречен HER2-позитивен естроген-рецептивен интрадуктален карцином. Лекарот, наводно, предложил мастектомија со зрачење, хемотерапија, хормонска терапија и реконструкција на градите.

Сепак, австралиската ѕвезда рече дека по неколку недели размислување, барајќи совет од 32 лекари и експерти, одлучила да не оди на хемотерапија. Наместо тоа, таа рече одлучила за „интуитивен и холистички пристап“ под водство на лекар од примарната здравствена заштита специјализиран за интегративна медицина, што вклучува комбинација од терапии и промени во животниот стил.

„Да кажам „не“ на стандардните медицински решенија беше најтешката одлука во мојот живот. Но, да кажам „не“ на моето внатрешно чувство би било уште полошо“, рече таа, додавајќи дека хемотерапијата и операцијата ѝ изгледаат „екстремни“.



Ел сега е во ремисија, а таа откри дека нејзиниот партнер и најстариот син биле против нејзината одлука да не оди на хемотерапија.

# ИЗЛЕЗЕ НОВОТО ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ НА АВСТРАЛИСКО МАКЕДОНСКИ НЕДЕЛНИК



www.australianmacedonian.com.au

AUSTRALIAN MACEDONIAN WEEKLY

Австралиско Македонски Неделник

Edition No. 1831 Year 37 • Tuesday, 10 September 2024 • Price $4.00 inc GST



ГРКОТ РОКАС Е НОВИОТ АМБАСАДОР НА ЕУ ВО МАКЕДОНИЈА

ПРАЈМИНИСТЕРОТ АЛБАНЕЗЕ СО ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ ЗА ДВИЖЕЊЕТО МУСЛИМАНСКИ ГЛАС ШТО ПЛАНИРА ДА ТАРГЕТИРА ФЕДЕРАЛНИ ИЗБОРНИ МЕСТА:

ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ ЗАСНОВАНИ НА ВЕРА

БИ ЈА ПОТКОПАЛО СОЦИЈАЛНАТА КОХЕЗИЈА НА АВСТРАЛИЈА

ПОРАНЕШНИОТ ПРЕМИЕР ДОМИНИК ПЕРОТЕ, ЗА НАМЕТНАТАТА ВАКЦИНА ПРОТИВ КОВИД, ПРИЗНА:

ЗГРЕШИВМЕ ШТО ГИ ПРИСИЛУВАВМЕ ЛУЃЕТО ДА ПРИМАТ ЕКСПЕРИМЕНТАЛНО СРЕДСТВО

МИЦКОСКИ ДО АРСОВСКА:

АКО ТИ КУПАМ НА ТЕБЕ (АВТОБУСИ), ЌЕ ТРЕБА И НА СИТЕ ДРУГИ ДА ИМ КУПАМ

ВЛАДАТА ЌЕ ДАВА ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА

ЗА УКИНАТИОТ ЦЕНТАР ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВО ЛЕРИН

СЕ ИНВЕСТИРААТ ИСТОРИСКИ A$415 МИЛИОНИ ЗА КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ ВО ОПШТИНИТЕ


БЕЗ ПОБЕДА, НЕМА НАПЛАТА

arnold thomas & becker lawyers

НИЕ СМЕ АДВОКАТСКА ФИРМА СО ЕКСПЕРТИ ЗА:
- сообраќајни повреди / TAC
- повреди на работно место / workcover
- побарувања од медицинска небрижност
- побарувања за повреда при раѓање
- побарувања за оштета од азбестос
- повреди на јавно место
- повреди работници на државни места /Comcare Claims
- Суперанулација / неспособност за работа

За проблемите што ги имате околу повреди на работно место зборувајте со ТОНИ ШИШКОВСКИ на македонски јазик на (03) 9614 1433

Tony Siskovski
Director

ЕКСПЕРТИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ПОВРЕДИ

573-577 Lonsdale Street, Melbourne, VIC 3000 www.arnoldthomasbecker.com.au


## АФИРМИРАТОР НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК, КУЛТУРА И ТРАДИЦИЈА

СЕКОЈ ВТОРНИК ВО ВАШАТА НАЈБЛИСКА ПРОДАВНИЦА ЗА ВЕСНИЦИ

# Македонија конечно победи - со играч помалку славеше против Ерменија за прво место во групата



Македонија со 2:0 ја совлада Ерменија во второто коло од групната фаза на Лигата на нациите. Македонските репрезентативци целото второ полувреме го играа со играч помалку, откако дефанзивецот Ѓоко Зајков доби црвен картон на самиот крај од првото полувреме.

Македонската репрезентација доминираше во текот на првото полувреме, а гостите имаа повеќе прилики на почетокот на второто полувреме, мотивирани од тоа што беа со играч повеќе. Сепак, македонските репрезентативци успеаја да ги искористат своите шанси и со два гола во второто полувреме Македонија ја оствари првата победа во последните осум натпревари.

Резултатот го отвори Енис Барди со одличен погодок од слободен удар во 70. минута, а конечниот резултат од 2:0 го постави новиот играч на шпанска Жирона, Бојан Миовски во 79. минута.

Македонските фудбалери упатија 12 удари кон противничкиот гол, од кои четири беа во рамките на голот. Репрезентативците на Ерменија имаа 13 обиди, од кои седум беа во рамките на голот.

Со оваа победа Македонија избива на првата позиција од Групата 4 од Лига Ц во Лигата на нациите со четири поени.

Следните натпревари се играат на почетокот на октомври. На 10 октомври Македонија ќе гостува на Летонија, а на 14 октомври истата репрезентација ќе дојде во Скопје.

League C Group 4

| Club | | MP | W | D | L | GF | GA | GD | Pts |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Macedonia | 2 | 1 | 1 | 0 | 3 | 1 | 2 | 4 |
| 2 | Armenia | 2 | 1 | 0 | 1 | 4 | 3 | 1 | 3 |
| 3 | Latvia | 2 | 1 | 0 | 1 | 2 | 4 | -2 | 3 |
| 4 | Faroe Islands | 2 | 0 | 1 | 1 | 1 | 2 | -1 | 1 |

## МИЛЕВСКИ: КАПА ДОЛУ ЗА ИГРАЧИТЕ, ВЕРУВАА ВО СВОЈОТ КВАЛИТЕТ И ГО ПОКАЖАА НА ТЕРЕНОТ



Селекторот на Македонија, Благоја Милевски со задоволство ја коментираше победата над Ерменија во 2. коло во Лигата на Нации. По разочарувачкото реми на Фарските Острови, Милевски овој пат видно расположен се појави пред новинарите на прес-конференцијата.

- Им честитам на нашите играчи, на фудбалерите кои уште еднаш покажаа и докажаа дека со право се тука и секоја чест на нив и капа доле. Јас напоменав дека во овие момци, познавајќи ги како карактери, секогаш кога имале притисок и кога морале, секогаш биле не на висина на задача, туку и над тоа. Уште еднаш покажаа дека се во право и секоја чест за нив, капа долу. Што да им кажам на вакви фудбалери освен да веруваат во својот квалитет, рече Милевски.

MILE UNCEVSKI FUNERAL SERVICES
Прва македонска погребна канцеларија во Австралија

Зборувајте со Миле Унчевски на 02 9502 3205
Миле Унчевски ги разбира македонските православни обичаи и погреби, тој е тука да ви помогне во најтешките моменти.
Повеќе од 9 години Миле со неговата погребна компанија помага во најтешките моменти.
За денот на погребот можеме да ви обезбедиме крпи, литургија, пченица.
Организираме погреби од Австралија во Македонија и обратно, доколку некој покоен имал желба да биде погребан во Македонија или во Австралија.
Serving the Macedonian Orthodox Community 24 Hours/7 Days
403 Forest Road, Bexley NSW 2207
Tel: 02 9502 3205, Fax: 02 9554 9735

# Нејмар од Арапите заработи 30 милиони евра по натпревар



***Досега заработил 150 милиони евра со само пет одиграни натпревари***

Минатата година Саудиска Арабија реши да вложи големи пари за да го донесе Нејмар, на ПСЖ му беше платено обесштетување од 90 милиони евра, а на играчот му беше даден двегодишен договор тежок фантастични 300 милиони евра.

Но Арапите не видоа многу аир од трансферот, Нејмар во октомври лани заработи тешка повреда, ги оштети вкрстените лигаменти и менискусот на левото колено, па долго време е надвор од стројот.

Последните информации велат дека тој паднал на лекарските прегледи кои биле направени неодамна и се проценува дека ќе му бидат потребни уште два месеца да се опорави од тешката повреда.

Тренерот на Ал Хилал, Жорж Жесус смета дека Бразилецот овој месец не треба да биде регистриран за настап во првенството на Судиска Арабија, и пријавата треба да биде поднесена дури во јануари, кога напаѓачот ќе биде целосно фит.

При едно вакво ценарио, Нејмар повеќе од една година нема да има настап во Ал Хилал, но и покрај тоа убаво ќе си наплати. Со оглед на тоа дека до овој момент има само 5 настапи, Бразилецот заработи 30 милиони евра по натпревар во Саудиска Арабија.

Тешок дека некој друг може да се пофали со вакви бројки.

# Македонски куп во Викторија 2024




Од сабота, 14 септември, до недела, 15 септември, ќе се одржи Македонски куп во Викторија. Домаќин на настанот е Лајло Јунајтед Слога. На него учество ќе земат:

Престон Македонија, Алтона Маџик Вардар, Сиднам Парк Македонија, Џилонг Македонија, Пленти Вали Лајонс, Кило Волци и домаќинот Лајло Јунајтед Слога.

Посетителите, покрај спортот, ќе можат да ужуваат во традиционални јадења, пијалоци и музика. Македонскиот куп ја собира заедницата од сите делови на Викторија и е секогаш убава прилика за дружба. Спортскиот комплекс на Лајло Слога, кој се наоѓа на 141-143 Victoria Dr. Во Томастаун, ќе ги пречека првите тимови, резервите и женските екипи.



**„КОМИТИТЕ“ НЕ УСПЕАЈА ДА ГИ ОБЕДИНАТ ТИТУЛИТЕ ОВАА СЕЗОНА:**

# Маркони Сталионс – Рокдаел Илинден 3:0






Во големото финале на Националната премиер лига за НЈВ, што се играше минатава сабота, за жал Рокдаел Илинден не успеа да ја поврзе сезонската титула со шампионатот и беше убедливо поразен од Маркони со 3:0. Тоа беше интензивен натпревар, со многу прекини, при што двете страни наметнаа физичка игра со агресивни фаули. Уште во седмата минута се зголеми тензијата по грубиот фаул од капитенот на Маркони, Марко Јешиќ. Жртва беше Блејк Ричиуто и започна турканица меѓу двете страни, при што се формира напната атмосфера на теренот но и на стадионот CommBank.

Првата прилика пред голот се појави во 26. минута, со прекрасното додавање на Исак Данзо кој прецизно го пронајде Алек Урошевски во шеснаесетникот. Од тесен агол Урошевски упати удар кон голот, но едноставно не можеше да најде простор до мрежата.

И кога првото полувреме требаше да заврши без гол, Џејмс Темелковски со глава четири минути по судиското продолжение обезбеди драматичен прв гол за Маркони и 1:0.

Силно започна вториот дел - Рокдаел Илинден се мачеше да најде приод до голот, а Маркони направи се да го спречи ритамот на “комитите” со мешавина на груба игра и интелигентно одолговлекување.

Помина половина час, а Рокдаел немаше создадено шанса, и во 84. минута, згасна надежта, бидејќи Маркони го удвои водството преку Марко Јешиќ на 2:0. Во продолжението се играше 93 минута кога Маркони го постави конечниот резултат со голот на Мирослав Поповиќ.

По 12 години чекање, со победа од 3:0, Маркони стана шампион за 2024.

**НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА ЗА, 1/4 ФИНАЛЕ**

## Фриментл Сити – Стирлинг Македонија

Во сабота, на 14 септември, Стирлинг Македонија игра во гости на првиот натпревар во четвртфиналето за шампионскиот куп на НПЛ за Западна Австралија. Почетокот на средбата е во 16:30 часот. Другите два тима што ќе се борат за место во полуфиналето се Олимпик Кингсвеј и Перт Ред Стар.

AVIO TRAVEL Lic. No. 32481
335 High St. Preston



03/ 9471 4556
03/ 9471 4559
mobile:
0401 686 970

AVIO TRAVEL
ВИ ГО НУДИ СВЕТОТ НА ДЛАНКА
ПАТУВАЈТЕ ВО МАКЕДОНИЈА И СЕКАДЕ ВО СВЕТОТ!
ЕВТИНО • УДОБНО • СИГУРНО • ВЕ ОЧЕКУВАМЕ • НЕ ЧЕКАЈТЕ,
ЈАВЕТЕ СЕ УШТЕ ДЕНЕС ДА СИ ОБЕЗБЕДИТЕ МЕСТО ЗА УТРЕ!
За повеќе информации зборувајте на македонски со Милка Секуловска!
LIC. NO. 32481
335 HIGH STREET, PRESTON, VIC. PH.: 03/9471 4559, 03/9471 4556 MOB: 0401 686 970

Australian Macedonian TODAY Австралиско Македонски Денес
22
СПОРТ
ISSN 1442-195X
9 771442 195005

# НОВ ГОЛЕМ КИКС НА АВСТРАЛИЈА, МОЖЕ ДА ОСТАНЕ БЕЗ МЕСТО НА СВЕТСКО ПРВЕНСТВО




Фудбалската репрезентација на Австралија од 2006 наваму учествува на секое Светско првенство, ама ни се заканува опасност да останеме без место на наредното во Северна Америка во 2026 на кое за првпат ќе има дури 48 учесници.

Австралија, за да избегне баражи со тимови од Јужна Америка како најдобар тим во Океанија, побара и доби дозвола од ФИФА да учествуваат во азиските квалификации за СП и патот барем на хартија изгледа е полесен.

Но, во овие квалификации „сокерусите“ тргнаа многу лошо. Најпрвин дома загубивме со 0:1 од Бахреин (кој е 80-ти на ФИФА-листата), а во вторникот одигравме само 0:0 на гостувањето кај Индонезија (која е дури 133-та на ФИФА-листата).

Австралија на светската ФИФА-листа е на 24-тата позиција.

На СП директно одат првите две од групата, па популарните „сокеруси“ по двата кикса ќе треба да се вадат против многу посилните Јапонија и Саудиска Арабија.

